МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

# МЦМС е-Билтен

Мај 2012
БРОЈ 130

## МЦМС со поброен тим на Маратонот

МЦМС и оваа година учествуваше на Скопскиот маратон. Како што се зголемува бројот на учесниците на Маратонот, така се зголемува и бројот на тимот на МЦМС. Оваа година силите си ги одмерија Сашо Клековски, Гонце Јаковлеска, Кренар Кука, Марија Саздевски и Симона Огненовска.

„Последен пат активно трчав пред точно 13 години, па трката ми беше мотив да пак влезам во тркачки патики, предизвик да покажам дека понекогаш не е потребно многу напор туку желба за да стигнам до целта и задоволство да се учествува во настан со хуманитарен карактер“, вели Марија.

Шестото по ред издание на Скопскиот маратон што се одржа на 6 мај 2012 година привлече повеќе од 3.000 спортисти и рекреативци.




## МЦМС во Советот за статистика

Даниела Стојанова од МЦМС е избрана за член на Советот за статистика на Р.М. Собранието во април 2012 г. го избра новиот состав на Советот, во кој се уште 14 други преставници на претставници на различни сектори и институции.

Советот за статистика на Р.М. претставува советодавно и стручно тело на Државниот завод за статистика (ДЗС) со мандат од четири години и се состанува еднаш месечно. Советот расправа, дава мислење и предлози за програмата, стратегијата и извештаите за работа на ДЗС, потоа за законски решенија, како и за модернизација и рационализација на државната статистика.

Првата конститутивна седница на Советот беше одржана на 28 мај 2012 г., на која членовите се запознаа со делокругот на работа, задолженијата, како и со тековните и идните активности на ДЗС. Следната седница ќе се одржи на крајот од јуни, на која ќе се усвои програмата за работа на Советот и други работни документи.

# Најдобри градоначалници за социјална инклузија

Градоначалниците кои имаат најдобри практики за социјална инклузија, пред сè на Ромите, ќе бидат наградени за тоа, а ќе имаат можност и да соработуваат и да ги надградуваат своите општини во мрежата МЕРИ – Градоначалниците ги користат фондовите на Европската Унија за Ромите. Иницијативата за оваа мрежа е на Институтот Отворено општество од Будимпешта (ОСИ).



*Учесниците на работилницата подготвија по еден пример на студија на случај*

Со цел да се разгледа и утврди методологијата за избор на најдобри градоначалници, како и идните членови на МЕРИ, ОСИ организираше работилница на 17 и 18 мај 2012 г. во Будва, Црна Гора за 14 претставници на граѓански организации и институции од Албанија, Македонија, Србија, Хрватска и Црна Гора. Од Македонија учествуваа претставници на МЦМС, Иницијатива за социјална промена (ИнСок), Месечина – Гостивар и Институт за развој на заедницата (ИРЗ) – Тетово.

На работилницата беше претставен повикот и методологијата за номинирање за награда на најдобри градоначалници во Европа за вклучување на Ромите. Номинациите ќе бидат во форма на студии на случај за десетина идентификувани општини со добри пратики. Учесниците на работилницата ги информираа за општините со најдобри практики за вклучување на Ромите и подготвија по еден пример на студија на случај по земја. Практиките се во областите на образованието, вработувањето, здравството, домувањето и јавните услуги, а учествуваат земјите кои се вклучени во Декадата на Ромите.

За најдобрите практики ќе биде снимен и краток филм, додека номинираните градоначалници со добри практики ќе бидат покането на првата конференција на МЕРИ, која ќе се одржи во октомври во Будимпешта под патронат на Европската комисија. На оваа конференција се очекува да учествуваат над 300 градоначалници и претставници на локалната самоуправа од цела Европа.

# Кои се можностите за вклучување во подготовката на закони

Втората основна обука на тема „Вклучување во креирање политики и подготовка на закони“ се одржа на 17 и 18 мај 2012 година во Охрид, организирана од страна на МЦМС. При повикот за учество на обуката беа селектирани претставници на граѓански организации кои немаат претходно искуство во процесите на подготовка на закони.

Шеснаесет нови учесници се стекнаа со основни знаења за застапувањето како битна компонента за успешно вклучување во процесите на подготовка на законите. Разгледан беше и процесот на одлучување во Македонија, како и целокупниот процес на подготовка на закони, проследен со примери за досегашната вклученост на граѓанските организации во подготовката на одредени закони и практични вежби за потикнување иницијативи и измени на постоечки закон.

Најголем дел од учесниците на основната обука оценија дека и покрај комплексноста на темата и временското ограничување, основната обука ќе придонесе кон подготовка на поуспешни иницијативи во рамки на нивната организација за измена на оредедни закони кои се од нивен интерес на делување. Учесниците покажаа интерес и за релевантните институции до кои можат да ги поднесат своите иницијативи и да соработуваат, разбирајќи ја својата проактивна улога во општеството како иницијатори на промени и подобрувања.

Втората основна обука ја водеа Емина Нурединоска од МЦМС и Горан Форбици од ЦНВОС од Љубљана.



*Обуката ќе им помогне да подготват поуспешни иницијативи за измена на одредени закони*

Обуката е дел од проектот „Огледало на Владата: учество на јавноста во процесите на подготовка на закони“ кој е поддржан од програмта на ЕУ - ЕИДХР. Целта на проектот е да се зголеми соработка на граѓанските организации со органите на државната управа во процесите на креирање политики и подготовка на закони. Проектот се спроведува во партнерство со ЦНВОС од Љубљана и БЦСДН.

## Нови публикации за донесувањето закони и учеството на јавноста

Неодамна излегоа од печат две публикации чиј заеднички именител е доброто владеење. Станува збор за Прирачникот за учество на јавноста во процесот на донесување на закони и за Критериумите и постапките за избор на граѓански организации во меѓусекторските тела. Двете публикации се во издание на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, а нивни автори се Емина Нурединоска од МЦМС и Катерина Хаџи-Мицева Еванс од Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) од Будимпешта.

Прирачникот е подготвен врз основа на анализа на тема: Транспарентност и учество на јавноста во процесот на подготвување закони: Споредбен преглед и процена на остојбата во Македонија. „Процената на состојбите покажа дека во Република Македонија постојат неколку документи кои ја даваат основата за вклученост на јавноста во процесот на донесување закони", велат авторките. „Но", додаваат, „постојат одредени недостатоци во спроведување на одредбите на овие документи. Во практиката, министерствата ја согледуваат важноста од вклученост на граѓанските организации и на други засегнати страни во подготовката на законите и тие настојуваат да обезбедат учество на јавноста. Но, не се бројни примерите кога законите, подзаконските акти или прописите за спроведување се донесуваат со учество на јавноста."

Критериуми и постапките нудат компаративен преглед и опис на состојбата во Македонија. Публикацијата вклучува примери на постапки и критериуми од Европа, анализа на постојните трендови и постапки за вклучување на македонските ГО во работата на меѓусекторските работни групи или владини тела и предлага можни модели за избор на претставници на ГО, кои можат да се користат како насоки за државните институции во процесите на воспоставување на транспарентни постапки.

Прирачникот е достапен на македонски, на албански и на англиски јазик, а Критериуми на македонски и на англиски јазик.

# Презентирана алатката за застапување за развој на овозможувачка околина на ГО

Експерти и практичари од членките на Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) со поддршка од Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) изминатите месеци развија матрица за набљудување на овозможувачката околина за развој и функционирање на граѓанското општество.

Матрицата беше за прв пат презентирана на работилницата организирана од БЦСДН на 30 мај 2012 г. во Брисел пред 40-тина претставници на Европскиот парламент, Европската комисија, Европскиот економски и социјален комитет (ЕЕСК), повеќе граѓански организации од Европската Унија (ЕУ) и од Балканот. Учесниците имаа можност да слушнат и да разговараат за целта, примената и процесот на подготовка на матрицата, како и подетална презентација на областите и показателите.

Матрицата ги дефинира принципите и стандардите за развој на граѓанското општество во седум области: основно и фискално законодавство, владини политики и институционална рамка, учество на граѓанските организации (ГО) во носењето одлуки, финансирање, вклученост на ГО во испорака на јавни услуги, човечки ресурси и меѓусебна доверба (со државните институции). Матрицата е направена од ГО за ГО, првенствено како алатка за застапување, за мониторинг и за мерење на развојот на ГО, но и за другите организации и институции.



*Учесниците слушнаа и разговараа за матрицата за набљудување на овозможувачката околина за ГО*

На пример, матрицата може да ѝ служи на ЕК при подготовката на извештаите за напредок на балканските земји. Членовите на Европскиот парламент, како и претставниците на ЕК ја поздравија иницијативата, укажаа на нејзината корисност и дека истата може да се употреби за членките на ЕУ. Всушност, ваков предлог дојде и од Апродев, односно матрицата да биде претставена во рамки на Отворениот форум за ефективност за развој на ГО. МЦМС учествуваше во подготовката на матрицата (Емина Нурединоска) и на самата работилница (Даниела Стојанова).

# Модерни трендови во меѓународната развојна помош

На покана од фондацијата Понтис, првиот извршен директор на МЦМС, Александар Кржаловски учествуваше на конференција Модерни трендови во меѓународната развојна помош.

Конференцијата се одржа на 3 мај 2012 година, во Братислава, а покрај учесници од Словачка и од регионот на централна и источна Европа, имаше претставници од Кенија (вклучително нивниот министер за туризам) која е една од фокус земјите за развојната помош на Словачка.

На конференцијата се дискутираше за пристапите на Европската унија и посебно на Словачка кон развојната помош, фокусот на помалку земји и само на определени сектори, како и преминот од класична хуманитарна и развојна помош кон поддршка на процесите за демократизација на општествата во „третиот свет".




*Како ЕУ и Словачка и пристапуваат на развојната помош и кои се искуствата на МЦМС*

Кржаловски ги пренесе искуствата на МЦМС и партнерските организации, како од времето на кризните 1999 и 2001 година, така и за актуелните трендови во Македонија и Балканскиот регион. Излагањето беше во рамките на панелот Човековите права во развојната помош.

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
ул. Никола Парапунов 6б, 1060 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.mk | mcms@mcms.mk